# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА 2026

**ВОВЕДЕН ЗБОР**

Безбедноста не се подразбира – таа се гради, со јасна визија, со одговорни одлуки и со отворена комуникација кон граѓаните и кон нашите сојузници. Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана за 2026 година произлегува токму од таа определба: одбраната да биде институција што објаснува, информира и презема одговорност пред јавноста.

Геополитичката реалност во која живееме е динамична и непредвидлива. Во таква средина, навремената и прецизна комуникација не е дополнителна активност, туку суштинска компонента на безбедносниот систем. Нашата задача е да обезбедиме јавноста да има пристап до точни и проверени информации, да ја зајакнеме довербата во институциите и да се спротивставиме на дезинформациите кои можат да ја нарушат општествената стабилност.

Во 2026 година, Министерството за одбрана располага со буџет од 358 милиони евра – највисоко ниво на инвестиција во одбраната досега. Овој буџет е директна инвестиција во сигурноста на државата и безбедноста на секој граѓанин. Повеќе од една третина од средствата, односно 116 милиони евра, се наменети за опремување и модернизација. Тоа значи конкретни капацитети, современа опрема и подобрена подготвеност на Армијата да одговори на националните и колективните безбедносни задачи.

Сепак, ниедна опрема нема вредност без луѓето што стојат зад неа. Затоа, паралелно со модернизацијата, вложуваме и во развојот на човечкиот потенцијал. Војниците, подофицерите, офицерите и службениците во Министерството се клучниот ресурс на одбраната. Нивната стручност, мотивација и професионален интегритет се основата врз која се гради силен и кредибилен одбранбен систем.

Оваа Комуникациска стратегија јасно ги утврдува приоритетите, целните публики и наративите преку кои ќе ја градиме комуникацијата во текот на 2026 година. Таа е насочена кон домашната јавност – граѓаните во чие име и за чие добро постои одбраната – но, и кон НАТО и земјите-членки на Алијансата. Нашата држава продолжува да биде активен и доверлив сојузник, кој активно придонесува кон нејзиното зајакнување.

Стратегијата претставува рамка за професионално, координирано и одговорно спроведување на активностите во доменот на односите со јавноста. Таа ги утврдува принципите на транспарентност како основа на нашето комуникациско дејствување.

Со силна комуникација, градиме доверба. Со доверба, градиме отпорност. А со отпорност, обезбедуваме стабилна и безбедна иднина за државата и за граѓаните.

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

## КОМУНИКАЦИСКИ НАЧЕЛА

Оваа Комуникациска стратегија произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 – 2028 година, стратешките приоритети на Владата и Годишниот план за работа на Министерството за одбрана како и приоритетите на раководството во одбраната.

Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана за 2026 година се темели на јасно дефинирани комуникациски начела кои обезбедуваат конзистентна, навремена, транспарентна и одговорна комуникација со јавноста.

Овие начела претставуваат основа за планирање, спроведување и оценување на сите комуникациски активности на Министерството за одбрана.

Изработката на Комуникациската стратегија во суштина ги систематизира темите, наративите и пораките кои Министерството ги пласира кон јавноста и за кои очекува повратна комуникација која се спроведува преку сите достапни алатки, вклучувајќи ги и социјалните мрежи како едни од клучните комуникациски канали преку кои се воспоставува двонасочна комуникација со клучните публики.

Имајќи ја предвид променливата безбедносна средина, Министерството изработува едногодишна Комуникациска стратегија, на тој начин овозможувајќи соодветно моделирање на темите, наративите и пораките на реалноста во која живее секој наш граѓанин.

Оваа, 2026 година планирана е ревизија на Политиката за стратешки комуникации со цел нејзино воедначување со новата организација на Министерството, додека во континуитет се почитуваат и правилниците кои ја дефинираат оваа област, што овозможува предвидливост и стекнување на доверба кај јавноста дека Министерството го почитува јавниот интерес и дека граѓаните имаат право да знаат како нивните пари се инвестираат во побезбедна држава.

### 1. Законитост и институционална одговорност

Сите комуникациски активности се спроведуваат во согласност со Уставот, законите, подзаконските акти и меѓународните обврски на Република Северна Македонија.

### 2. Транспарентност и отчетност

Министерството за одбрана шест години по ред е најтранспарентната институција во државата на централно и локално ниво, од кои последните пет со максимално, 100%-но исполнување на критериумите согласно Индексот за активна транспарентност. Нашата посветеност кон активната транспарентност покажува дека иако Министерството е носител на одбранбениот сектор, ние на транспарентноста гледаме како на врвна демократска вредност од која не отстапуваме. Министерството за одбрана обезбедува отворена и јасна комуникација со јавноста, навремено информирајќи за своите политики, активности, планови и резултати Значаен дел од оваа транспарентност се однесува на квантумот на достапни информации за функционирањето на одбраната, трошењето на средствата наменети за одбрана, но и постојаното и проактивно комуницирање со клучните публики.

## 3. Навременост и проактивност

Сите информации што се пласираат во јавноста мора да бидат навремени, точни и проверени. Министерството во континуитет работи на олеснување на начинот на кој граѓаните можат да дојдат до посакуваната информација, вклучувајќи ги и промените на веб-страницата на Министерството, www.mod.gov.mk која претставува клучната база на информации за одбраната.

Проактивното комуницирање е поддржано и од лесниот пристап до информации, како и принципите согласно кои работат комуникаторите во одбраната. Во согласност со насоките од Владата и потребното усогласување, Министерството изврши и промена на графичкиот изглед на веб-страницата, задржувајќи ги сите функционалности и сите информации поврзани со активната транспарентност.

Министерството настојува да ја предвиди потребата од информирање и да дејствува превентивно, особено во области од висок јавен интерес.

## 4. Усогласеност и координираност

Министерството за одбрана обезбедува усогласеност и единственост на пораките преку координација меѓу организациските единици, Армијата и другите надлежни институции. Јавните настапи, соопштенија и информации се координираат преку надлежните комуникациски структури.

Комуникациските активности се усогласуваат со стандардите, принципите и добрите практики на НАТО и меѓународните партнери, со цел зајакнување на кредибилитетот, интероперабилноста и меѓународната доверба во Министерството за одбрана.

## 5. Почитување на човековото достоинство, етичност и безбедносните стандарди

При остварување на комуникацијата со јавноста се почитуваат човековите права, достоинството и различностите, како и етичките стандарди на јавната служба. Се промовира култура на почит, инклузивност и професионален интегритет.

Секогаш се почитува принципот на заштита на класифицираните информации, оперативната безбедност и безбедноста на персоналот, капацитетите и мисиите.

## 6. Двонасочна комуникација и дијалог

Министерството за одбрана ја поттикнува двонасочната комуникација со јавноста и заинтересираните страни, преку слушање на мислењата, прашањата и сугестиите, како и преку соодветно и аргументирано одговарање.

Министерството за одбрана останува цврсто на својот пат – а, тоа е да продолжи да биде **релевантна, кредибилна и отворена институција** која со јавноста комуницира **брзо, ефикасно, навремено** и со **фактички точни информации**.

## КЛУЧНИ ПУБЛИКИ

Ефективната комуникација на Министерството за одбрана се заснова на јасно идентификување и разбирање на клучните публики со кои Министерството комуницира. Нивното дефинирање останува појдовна основа на оваа Комуникациска стратегија. Остануваме фокусирани на истражувањето на информациската средина и точното дефинирање на карактеристиките и интересите на клучните публики, факт кој ни овозможува точно да ги дефинираме комуникациските теми, наративи и пораки.

Одбраната се фокусира на две засебни клучни публики: **домашната** и **надворешната (НАТО)** јавност.

**Домашната јавност** е всушност македонската јавност – генерална и сегментирана, со фокус на вработените во одбраната и Армијата и нивните семејства, младите на возраст од 18 – 25 години, како и претставниците на невладиниот сектор и академската заедница. Претставниците на медиумите се исто така еден од приоритетите во рамките на комуникацискиот процес, како публика која е значајна во комуникациските напори за пласирање на комуникациски пораки до генералната јавност.

### 1. Вработени во Министерството за одбрана и Армијата

Вработените во Министерството за одбрана и Армијата претставуваат примарна внатрешна публика и клучен носител на институционалната култура со оглед на нивната улога, видливост и директен контакт со граѓаните и меѓународните партнери. Редовната, навремена и јасна внатрешна комуникација придонесува за информираност, мотивираност, професионализам и усогласено дејствување со стратешките цели на Министерството, како и кон јакнење на моралот и довербата во институционалните политики и одлуки.

### 2. Медиумите и јавноста

Медиумите се клучен посредник меѓу Министерството за одбрана, Армијата и јавноста. Комуникацијата со медиумите се заснова на професионалност, взаемна почит и навремено обезбедување точни и проверени информации, со цел објективно и одговорно информирање на јавноста.

Комуникацијата со јавноста има за цел зголемување на довербата во одбранбениот систем, подигање на јавната свест за улогата и значењето на одбраната, како и информирање за активностите, реформите и резултатите од работата на Министерството и Армијата.

### 3. Млади и потенцијални кандидати за воена и цивилна служба

Младите лица, студентите и потенцијалните кандидати за вработување и професионален развој во одбранбениот систем претставуваат стратешки важна публика. Комуникацијата кон оваа целна група е насочена кон промоција на можностите за образование,

обука, кариера и личен развој, како и кон зајакнување на атрактивноста и угледот на Министерството за одбрана и Армијата како работодавач.

4. **Академска и експертска јавност**

Академските институции, истражувачките центри, аналитичарите и експертите од областа на безбедноста и одбраната се значајна публика за развој на информиран јавен дијалог и креирање политики засновани на знаење.

5. **Граѓански организации и невладин сектор**

Граѓанските организации и невладиниот сектор претставуваат важна публика во процесите на транспарентност, отчетност и демократски надзор. Министерството за одбрана комуницира со овие субјекти во рамки на своите надлежности, со почитување на принципите на отвореност и соработка.

**Надворешната јавност** се состои од јавноста во НАТО – алијансата, сегментирана на НАТО командите и ентитетите, раководствата на сојузничките држави, како и раководствата на партнерските земји, особено во рамките на балканскиот регион како и јавноста во организации како и Европската унија, Обединетите Нации и други меѓународни безбедносни структури. Комуникацијата со нив е насочена кон зајакнување на довербата, кредибилитетот и интероперативноста, како и кон промоција на придонесот на Република Северна Македонија во меѓународната безбедност и колективната одбрана.

**Министерството за одбрана активно комуницира со публика на следните теми:**

## ДЕЛ 1. ДОМАШНА ЈАВНОСТ

**ТЕМА 1 – СИЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ЦВРСТА ОДБРАНА**

**ТЕМА 2 – АРМИЈА СО МОДЕРНА И СОФИСТИЦИРАНА ОПРЕМА**

**ТЕМА 3 – ОДБРАНА И АРМИЈА СО СИЛЕН ЧОВЕЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ**

**ТЕМА 4 – БЕЗБЕДНИ ДОМА, СИГУРНА АЛИЈАНСА**

**ТЕМА 5 – ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС**

## ДЕЛ 2. ЕКСТЕРНА ЈАВНОСТ: НАТО И ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ

**ТЕМА 1 – СИЛНА МАКЕДОНСКА АРМИЈА ЗА СИЛНА КОЛЕКТИВНА ОДБРАНА**

**ТЕМА 2 – СИГУРНОСТ ВО ПРОМЕНЕТА ГЕОПОЛИТИЧКА СРЕДИНА**

**ТЕМА 3 – МАКЕДОНСКИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ**

## ДЕЛ 1. ДОМАШНА ПУБЛИКА

## ТЕМА 1 – СИЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ЦВРСТА ОДБРАНА

Без безбедност, нема општествен развој. Континуирано инвестираме значајни средства во одбраната и безбедноста затоа што тоа е основа на развојот на државата. Северна Македонија како земја – членка на НАТО, заедно со сојузниците на Самитот на НАТО во Хаг во 2025 година, донесе одлука до 2035 година да одвојува 3,5 проценти од бруто-домашниот производ за одбраната, како и дополнителни 1,5 проценти за проекти и активности во поддршка на одбраната. На тој начин се овозможува во целост да се исполнат НАТО Целите на способности, кои пак се дел од сложувалката наречена колективна одбрана. Со исполнувањето на овие Цели, силно ќе се развијат капацитетите на македонската Армија – не само во поддршка на колективната одбрана на Алијансата, туку и во поддршка на националната безбедност и стабилност.




Буџетот на Министерството за одбрана расте и годинава, со што расте и инвестицијата во безбедноста на државата и сигурноста на граѓаните. Во 2026 година, одбранбениот буџет е во висина од 358 милиони евра, што е 8,4 проценти повеќе од минатата 2025 година (или 27,7 милиони евра повеќе).

Зголемувањето на одбранбениот буџет не само што гарантира безбедност, туку гарантира и економски раст. Со постепеното зголемување на инвестициите во одбраната и одвојувањето на 1,5% од БДП за активности поврзани со одбраната се овозможува поддршка и реализација на една широка лепеза на проекти - од инфраструктура до сајбер-одбрана, кои ќе имаат значајно влијание врз секојдневното живеење, а истовремено одбраната на земјата ќе ја направат поефикасна и поцврста.

<u>Оттука:</u>

1. **Силни инвестиции во одбраната значат силна и развиена држава.** Без безбедност не може да стане збор за развој на која било друга општествена област. Ќе продолжиме да инвестираме во одбраната и Армијата зашто само така ќе можеме да ги одбраниме нашите вредности, нашето општество, нашиот начин на живот.

2. **Одбранбениот буџет за 2026 година изнесува над 358 милиони евра и е за 27,7 милиони евра поголем од минатогодишниот одбранбен буџет.** Тоа се повеќе средства за нова и

модерна опрема, повеќе средства за подобра инфраструктура во одбраната и повеќе средства за мотивирани и обучени војници.

3. **Само во безбедна и стабилна држава може да има економски развој.** Нашата држава е дел од системот на колективна одбрана на Алијансата, што значи дека во гарантирањето на безбедноста не сме сами – туку сме дел од еден поширок систем кој се грижи за своите членки. Инвестициите во македонската Армија се инвестиција во националната безбедност, но и во колективната одбрана. Членството во НАТО значи „еден за сите и сите за еден“ и тоа е уште една гаранција за суверенитетот, интегритетот и независноста на татковината.

## ТЕМА 2 – АРМИЈА СО МОДЕРНА И СОФИСТИЦИРАНА ОПРЕМА

Македонската одбрана е влезена во инвестициски циклус кој секојдневно дава резултати. Со континуирани набавки на нова и модерна опрема, евидентни и за јавноста, ја зголемуваме борбената готовност на Армијата, а со тоа ја зацврстуваме и безбедноста на државата.

Во 2026 година, 32,5 проценти од одбранбениот буџет ќе биде инвестиран во нова опрема за припадниците на Армијата. Тоа се досега најголем износ од одбранбениот буџет кој бил алоциран токму за модернизација и опремување. 116 милиони евра кои ќе овозможат набавките на воена опрема да се реализираат согласно плановите.




Минатата година на дело видовме што значи модернизација и опремување. Во 2025 година беа испорачани преостанатите JLTV оклопни возила, со што Македонската Армија во својот арсенал поседува вкупно 96 вакви оклопни возила, односно оваа набавка се комплетираше во целост. Годинава очекуваме и сите оклопни возила од типот Stryker да пристигнат во Армијата. Продолжуваме со набавка и на дополнителна опрема за оклопните возила како системите Javelin, а набавуваме и пешадиско вооружување со мал калибар и дополнителни средства за лична заштита. Ја обновивме и АБХО опремата, а преку Европскиот мировен фонд набавуваме и инженериска опрема и машини.

Армијата минатата година се опреми и со нова артилериска батерија составена од шест хаубици 105mm „Боран“ од турско производство. Турските вооружени сили го добија ова вооружување

во 2021 година, а само четири години подоцна тоа е дел и од нашата Армија, со што сме првата земја во Европа која го поседува.

Во тек е и договорот за набавка на системи за противвоздушна одбрана со многу краток дострел – француските „Mistral 3" со што обезбедуваме една батерија за противвоздушна одбрана со сите составни делови и системи.

И покрај правните предизвици, договорот за набавка на нови хеликоптери од компанијата „Леонардо" ќе продолжи да се реализира. Првите два хеликоптери ги очекуваме токму оваа, 2026 година.

Набавуваме и нови и модерни комуникациско-информатички системи и опрема за сајбер-одбрана, а согласно договор со нашиот стратешки партнер, САД, набавуваме и нови беспилотни летала и опрема за потребите на извидувачките и разузнавачки единици на Армијата. Ќе бидат набавени и нови специјални возила и возила за посебни намени, како и опрема за борба против дронови и беспилотни летала.

Потпишан е договор со нашиот стратешки партнер, САД, за набавка на резервни делови за возилата од американско производство кои се дел од Армијата, со што се гарантира нивна функционалност.

<u>Оттука:</u>

1. **Опремувањето и модернизацијата на Армијата се интензивира**. Набавуваме широка лепеза на нова и модерна опрема која ќе ја засили и зацврсти борбената готовност на Армијата и безбедноста на државата.

2. **Силните инвестиции во модернизацијата можат да се видат преку бројки и факти**. Оваа година, во споредба со 2025, 10 милиони евра повеќе се насочени токму кон инвестиции во модернизацијата и опремувањето. Вкупно 116 милиони евра или 32,5 проценти од одбранбениот буџет ќе се користи за нова и модерна опрема за припадниците на македонската Армија.

3. Како и минатата, и во 2026 година граѓаните ќе бидат сведоци на тоа што сè значи инвестиции во одбраната. Во Армијата очекуваме да пристигнат различни видови на опрема и вооружување кои ќе бидат презентирани пред граѓаните. За нас транспарентноста во процесот на модернизација и опремување е стандард.

## ТЕМА 3 – ОДБРАНА И АРМИЈА СО СИЛЕН ЧОВЕЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

Еден од трите столбови на кои продолжуваме да ја градиме одбраната е секако – човечкиот капитал. Нема да отстапиме од подобрувањето на правата и условите за работа на сите припадници на Армијата и сите вработени во одбраната. Тоа во суштина се потврдува и со фактот дека постојниот Колективен договор за вработените во Министерството за одбрана нема да се менува во ниту една форма. Напротив, доследно ќе продолжат да се применуваат сите негови одредби кои даваат широк дијапазон на права кои секој еден вработен во одбраната ги заслужува во целост.

За плати и надоместоци во Буџетот на Министерството за 2026 година се одобрени 6.713.424.000 денари, односно 108.000.000 евра, или 30,29% од вкупниот буџет. Средствата се планирани за исплата на плати и надоместоци, надоместок за годишен одмор, како и средства за сите нови вработувања/унапредувања во текот на 2026 година. Тоа е гарант дека сето она што им следува на вработените во одбраната, ќе биде почитувано.

Како наш приоритет и во 2026 година, грижата за вработените подразбира и стабилен развој во кариерата, постојана доедукација во центрите за образование во и надвор од земјата, како и учество на вежби и обуки заедно со сојузничките армии.




Истовремено, Армијата се пополнува и со нов, млад и мотивиран кадар кој ќе продолжи да биде моторот на развојот на македонската одбрана и Армија. Во 2026 година, Армијата ќе се подмлади со нови професионални војници. Годинава планиран е и прием на 29 питомци кои ќе го завршат своето образование на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", потоа прием на офицери со завршени цивилни факултети, а од басенот на професионални војници ќе бидат произведени и нови подофицери.

Прием ќе има и во категориите службеници во одбраната и цивилни лица во служба на Армијата, имајќи ги предвид нашите потреби и одливот на кадар по различни основи, главно пензионирање. Одбранбениот систем мора да функционира и затоа нема да дозволиме одбраната и Армијата да се соочат со недостаток на професионалци.

Оттука:

1. **Човечките капацитети во одбраната и Армијата остануваат да бидат наш врвен приоритет. Армијата мора да располага со мотивиран и професионален кадар чија основна задача е – безбедноста на татковината и сигурноста на граѓаните.**

2. **Министерството инвестира во своите вработени. Целосно ги почитуваме обврските кон вработените утврдени со законските решенија и со Колективниот договор.** Нема да дозволиме историјата да се повтори и вработените да не го добијат она што го заслужуваат како бедем на безбедноста на државата. Остануваме фокусирани на нивниот професионален развој, континуираните обуки и вежби, дома и во сојузничките земји.

3. **Се грижиме за пополнување и подмладување на Армијата.** Планираниот прием на нови професионални војници, подофицери и офицери со цивилно високо образование ќе ја зголеми борбената готовност на Армијата и ќе овозможи системот да продолжи да функционира беспрекорно.

## ТЕМА 4 – БЕЗБЕДНИ ДОМА, СИГУРНА АЛИЈАНСА

Македонската Армија е Армија на земја – членка на НАТО, инкорпорирана во колективниот систем на одбрана и одвраќање на Алијансата. Освен што ги развиваме капацитетите како дел од тој систем, ние даваме и свој придонес кон зацврстувањето на колективната одбрана и безбедноста на секоја педа сојузничка територија.

Во тој контекст, во 2026 година со вкупно 185 лица за кои се планирани вкупно околу 9 милиони евра продолжуваме да го зацврстуваме регионалниот мир и безбедност и да ја засилуваме колективната одбрана на Алијансата. Остануваме во рамките на мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Романија и Бугарија.

Истовремено продолжуваме да даваме придонес и кон безбедноста на регионот. Нашите војници ќе останат во мисијата на НАТО на Косово, КФОР, потоа операцијата на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР-АЛТЕА и мисијата на ООН во Либан, УНИФИЛ.

Во нашата држава функционира и еден од најголемите полигони за обука во регионот, армискиот полигон „Криволак" каде во континуитет се одвиваат големи и комплексни

мултинационални вежби. Полигонот „Криволак“ многупати ја покажа својата вредност како место каде може симултано да се одвиваат повеќе различни активности подредени под една иста вежба. Министерството за одбрана развојот на содржините и инфраструктурата на овој полигон ги поставува како еден од своите први приоритети.

Еден од најзначајните капацитети со кои државата дава свој придонес во Алијансата е Регионалниот центар за односи со јавноста кој минатата година доби безусловна НАТО институционална акредитација, која во целост го потврди фактот дека тој функционира согласно највисоките НАТО стандарди во доменот на обуката и едукацијата и дека има воспоставено систем за контрола на квалитет кој укажува на тоа дека обуките кои се спроведуваат имаат континуирано високо ниво на квалитет, онака како што е пропишано во соодветните НАТО документи. РЦОЈ продолжува да ја зголемува својата визибилност, особено имајќи предвид дека на барање на Алијансата во 2025 беа организирани повеќе специјалистички обуки за партнерските земји. Овој процес продолжува и во 2026 година, имајќи ги предвид позитивните искуства и нивото на квалитет со кој професионалците во РЦОЈ го пренесуваат знаењето во областа на односите со јавноста.

Оттука:

**1. Нашата држава е активен и посветен сојузник кој дава реален придонес во зацврстувањето на одбраната и одвраќањето на НАТО. Македонски војници се дел од мултинационалните сили на Алијансата во Латвија, Бугарија и Романија и ние таму ќе останеме и во 2026 година, работејќи заедно со сојузничките армии во одржувањето на мирот и безбедноста на целата територија на НАТО.**

**2. Полигонот „Криволак“ е нашиот најголем вежбовен капацитет кој овозможува сеопфатно извежбување и развој на интероперабилноста со сојузничките Армии.** Министерството за одбрана продолжува да ги развива содржините и инфраструктурата на овој полигон кој е еден од приоритетите за Армијата и одбраната.

**3. Даваме придонес и во некинетичките капацитети на Алијансата. Регионалниот центар за односи со јавноста се здоби со безусловна** НАТО акредитација, која значи дека обуките и вежбите кои се организираат во овој уникатен Центар се согласно највисоките стандарди на Алијансата.

**ТЕМА 5 – ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС**

Министерството за одбрана, шеста година по ред е во самиот врв на институциите, со највисока активна транспарентност споредено со сите останати институции на локално и централно ниво. За нас, транспарентноста е нашиот код и од неа не отстапуваме. И во 2025 година, петти пат по ред, останавме на врвот со 100-процентна исполнетост на критериумите согласно независните мерења. Нашиот принцип е јасен – одбраната е максимално отворена кон граѓаните.

Истовремено, преку сеопфатниот медиумски мониторинг и активностите во демонот на превентивниот столб на системот за справување со дезинформации, одбраната активно и континуирано се бори со оваа штетна појава. Продолжуваме со кредибилитет, со точни и навремени информации, како и со развојот на капацитетите за стратешки комуникации да работиме одбраната да продолжи да биде транспарентна, отворена и отчетна институција.

Оваа година ќе го зголемиме нашето портфолио на производи во доменот на медиумскиот мониторинг со Анализа на информациската средина, која ќе биде изработена согласно НАТО стандардите и која ќе ни овозможи да имаме подобар увид во наративите, а со тоа и во дезинформациите кои имаат намера да им наштетат на граѓаните и да го разнишаат системот.

<u>Оттука:</u>

**1. Министерството и во 2025 година, петта година по ред е институција со 100-процентна исполнетост на критериумите на независните мерења на активната транспарентност. Бевме и останавме институција која прва достигна 100 проценти и ќе останеме посветено да работиме на ова поле.**

**2. Продолжуваме да го развиваме системот за комуникации во Министерството кој гарантира транспарентност, додека истовремено ја градиме довербата со нашите клучни публики.**

**3. Посветуваме внимание и на системот за справување со дезинформации со кои се бориме со кредибилни, точни и навремени информации. Министерството се позиционира како единствениот и најточниот извор на информации од областа на одбраната. Ќе воведеме нови производи во доменот на информациската средина кои ќе ни овозможат поефикасно и поефективно да се бориме со сите дезинформации и лажни наративи.**

## ДЕЛ 2. НАТО ПУБЛИКА

### ТЕМА 1 – СИЛНА МАКЕДОНСКА АРМИЈА ЗА СИЛНА КОЛЕКТИВНА ОДБРАНА

Инвестициите во одбраната и во Армијата, во основа значат и инвестиција во посилна колективна одбрана. Нашата држава не е остров, одвоен и самостоен. Напротив, македонските граѓани, а особено вработените во одбраната и Армијата разбираат дека се дел од еден поголем систем кој може да функционира само доколку сме целосно посветени на заедничката цел – мирна, безбедна Алијанса, сигурни над една милијарда луѓе во светот.

Сето тоа го потврдуваме со факти. Над 2 проценти од бруто-домашниот производ на земјата се инвестираат во одбраната и Армијата. Тоа се 358 милиони евра, што е 27,7 милиони евра повеќе од минатата година. Од нив, 32,5 проценти се наменети за модернизација и опремување што е значително над НАТО правилото од 20 проценти. Со инвестициите во одбраната, инвестираме во посилна колективна одбрана на НАТО.

Ние ВЛОЖУВАМЕ во одбраната, МОДЕРНИЗИРАМЕ опрема и вооружување и УЧЕСТВУВАМЕ во мировни мисии.

### ТЕМА 2 – СИГУРНОСТ ВО ПРОМЕНЕТА ГЕОПОЛИТИЧКА СРЕДИНА

Безбедноста е пред сѐ и над сѐ. Во целост ги поддржуваме напорите за враќање на сигурноста и безбедноста на европскиот континент и повикуваме на воспоставување на траен и одржлив мир.

НАТО има една примарна цел – заштита на својата територија. Алијансата не претставува закана за никого. Нашата одмереност и прагматичност не треба да предизвика сомнеж дека заедно сме подготвени да ја одбраниме својата територија и вредности.

### ТЕМА 3 – МАКЕДОНСКИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Припадниците на македонската Армија повеќе децении придонесуваат во воспоставувањето на мир и безбедност на глобално ниво. Како партнери, со учеството во мисијата ИСАФ и „Одлучна поддршка“ во Авганистан докажавме дека можеме и умееме заеднички да донесеме мир. Денес, како земја-членка на НАТО, работиме заедно со сојузниците

во одржувањето на безбедноста на источното крило на НАТО, но истовремено со свои војници ставаме печат и на регионалната безбедност.

Македонската Армија активно учествува со свои припадници во мултинационалните сили на Алијансата во Латвија, Романија и Бугарија и рамо до рамо со останатите сојузнички земји претставува гарант за безбедноста на источното крило на Алијансата. Во 2026 година продолжува учеството во мисијата на НАТО на Косово, КФОР исто како што го продолжуваме и учеството во мисијата на ЕУ во Босна и Херцеговина, ЕУФОР-АЛТЕА и мисијата на ООН во Либан, УНИФИЛ.

Безусловната НАТО акредитација на Регионалниот центар за односи со јавноста значи и сериозна поддршка во развојот на стратешките комуникации и воените односи со јавноста на ниво на цела Алијанса. Продолжуваме да работиме во намерата да обучиме колку што е можно повеќе комуникатори на НАТО кои ќе ни помогнат во нашата борба за вистината!

## II. СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Дезинформациите ги препознаваме како едно од клучните безбедносни предизвици во секое современо општество. Ова е особено видливо во денешната безбедносна реалност. Руската агресија врз Украина покажа дека паралелно со борбата на копно, во море и во воздух, се води и борба за вистината во информациската сфера. Министерството за одбрана активно работи на развој на способности за справување со дезинформациите, првенствено преку системот за справување со дезинформации, во чии рамки се развива т.н. превентивна и образовна улога, заедно со функцијата на брзо и навремено откривање на дезинформациите и креирањето на систем за брз одговор на детектираните дезинформации.

Согласно Концептот за развој на систем за справување со дезинформации, превентивната функција се фокусира на развојот на медиумската писменост преку организација и реализација на обуки и курсеви, како и преку блиска соработка со Министерството за образование и наука, академската заедница и невладиниот сектор. Превенцијата вклучува и реализација на семинари и работилници со претставниците на медиумите со цел зголемување на разбирањето за одбранбената област, како и соработка со факултетите за новинарство и односи со јавноста. Проактивната функција се однесува на континуирано продуцирање на информативен материјал кој ќе овозможи ефикасно справување со дезинформациите, навремено планирање за можна појава на дезинформации, организација на т.н. „настани во заедницата“ со цел доближување на одбранбените активности до граѓаните, како и вмрежување со националните, НАТО и ЕУ капацитети за справување со дезинформации (т.н. „fact-chekers“). Реактивната функција првенствено значи сеопфатен медиумски мониторинг и креирање на систем за брз проток на информации за постоење на одредена дезинформација (брз систем на известување во рамки на Министерството и Армијата).

Развојот на капацитетите на Министерството и Армијата во доменот на стратешките комуникации е еден од врвните приоритети, особено во доменот на развојот на лицата за нивна реализација. Регионалниот центар за односи со јавноста (НАТО акредитиран центар) согласно годишните планови за обука, континуирано спроведува курсеви за односи со јавноста. Овој Центар се фокусира и на развојот на капацитети и човечки потенцијал со познавања во областа на справувањето со дезинформациите, за што беше развиен и Курс за справување со дезинформации и градење на отпорност.

## III. СИСТЕМ НА КОМУНИКАЦИИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Министерството функционира согласно принципот на „максимална отвореност со минимално одложување", додека истовремено во континуитет истото се етаблира како најбрзиот извор на комплетно точни и проверени информации, односно како **првиот и најкредибилниот извор на информации во доменот на одбраната и безбедноста** во нашата држава. Тоа подразбира и континуирано креирање на бренд кој е препознатлив и во кој граѓаните имаат неприкосновена доверба.

Еден од фундаментите за ефикасна комуникација е развојот на сеопфатен процес на стратегиски комуникации во Министерството и во Армијата кои во основа за овие две институции значи ефикасно и ефективно координирање и имплементирање на своите комуникациски активности и способности, како поддршка на останатите политики, операции и активности, за исполнување на целите на државата, Министерството и Армијата.

На стратешките комуникации се гледа како на прилагодлив процес кој овозможува темелно да се разбере целната публика, да се врши континуирана координација и синхронизација на наративите, темите и пораките, како и да се утврди конкретниот резултат од превземените активности. Главниот бенефит од воспоставувањето на ефикасен систем на стратешки комуникации е можноста за координирано, превентивно, проактивно и реактивно пласирање на информации низ сите канали и со сите соодветни алатки на односите со јавноста во клучен момент за остварување на визијата и мисијата на Министерството и на Армијата.

Министерството и Армијата континуирано комуницираат со јавноста на начин со кој на јавноста и се укажува за што треба да размислува, наместо што да мисли. Јавниот интерес е наша главна заложба. Информирањето на граѓаните се базира на точност, јасност и навременост, користејќи различни канали за комуникација, најсоодветни за дефинираните клучни публики, дома и во странство.

Системот на комуницирање во Министерството за одбрана се состои од Секторот за информации и комуникации (СИК), како нуклеус одговорен за спроведување на комуникациите – интерни и екстерни. Секторот, функционално поставен во Директоратот за комуникации се состои од Одделение за односи со јавноста, Одделение за медиумски анализи и Одделение за издавачка дејност. Овој Сектор поради својата функција е нераскинливо поврзан со Секторот – Регионален центар за односи со јавноста (С-РЦОЈ), кој е дел од Директоратот за управување со човечки ресурси, образование и обука.

Функциите во овој Сектор вклучуваат развој на системот за информирање, целосна организација на медиумски активности, изработка на пишан материјал во промоција на активностите на Министерството, изработка на медиумски анализи и дневен преглед, организирање и реализирање на издавачката дејност, а во соработка со С-РЦОЈ и реализација на обуки за унапредување на капацитетите за односи со јавноста во државата и во Алијансата.

<u>Кои се принципите на стратешките комуникации по кои се водиме?</u>

Стратешките комуникации треба да се разберат како процес и начин на размислување кој овозможува пошироко сфаќање на карактеристиките на информациската средина во која главните наративи се преточуваат во конкретни теми од кои произлегуваат кампањи и активности.

Сите овие елементи се базирани на следните принципи и начела:

- Сите активности се базирани на вредностите на демократијата, вредности препознаени во државата, нејзините институции и НАТО – Алијансата;
- Активностите се спроведуваат во согласност со целите на Министерството и на Армијата утврдени во стратешките документи, политиките и наративите;
- Кредибилитетот и довербата се од суштинско значење и како такви треба да имаат приоритет при спроведувањето на стратегиските комуникации;
- Зборовите мора да ги отсликуваат делата; делата мора да ги отсликуваат зборовите;
- Стратешките комуникации се заеднички, координиран и интегриран процес на Министерството и на Армијата;
- Разбирањето на информациската средина во која се пласираат производи на односите со јавноста, користејќи соодветни алатки, преку соодветни канали, е од суштинско значење за постигнување на посакуваниот ефект. Тоа го подразбира и разбирањето, вредностите и размислувањата на целната публика;
- Разбирањето дека секое лице кое е составен дел од Министерството и Армијата е претставник на институцијата и во тој контекст ги пренесува пораките на институцијата по принципот „еден глас“;
- Разбирањето на секој вработен во Министерството и во Армијата дека припаѓа на еден заеднички колектив кој има иста цел, иста мисија и иста визија;
- Фокусот на сите активности на стратешките комуникации е на постигнување на посакуваниот ефект и резултат(и).

Водиме сметка за професионализацијата на комуникациите во одбраната. Инвестираме во професионалците кои работат во овој домен затоа што нивните способности значат и поефикасен систем за информирање. Овие службеници во Министерството се и владини комуникатори и во тој контекст го следат Кодексот за однесување на владините службеници за односи со јавност според кој нивната основна должност е на јавноста да пренесуваат официјални ставови и политики на Министерството и со својата етика, мотивираност, вештини и способности да придонесат кон основните принципи на функционирањето на извршната власт – транспарентноста, отвореноста и отчетноста.

Службениците за односи со јавност во Министерството за одбрана:

- ✓ секогаш ја кажуваат вистината;
- ✓ тие се непристрасни;
- ✓ внимателни се во својот пристап;
- ✓ ја задржуваат објективноста;
- ✓ носат одлуки исклучиво врз база на претходна анализа;
- ✓ обврските кои произлегуваат од службата ги ставаат пред личните интереси;
- ✓ кај нив постои исклучително развиена свесност за можноста од постоење на судир на интереси;
- ✓ тие јасно го одвојуваат своето приватно од професионалното делување.

Министерството ја препознава вредноста на новите комуникациски канали, социјалните мрежи кои овозможуваат директна и двонасочна комуникација со граѓаните, што е причина повеќе за нашиот интерес да бидеме активен учесник во оваа сфера. Нашата цел е да го привлечеме вниманието на граѓаните преку социјалните мрежи, но и активно и непосредно да им помагаме во разбирањето на одбранбениот систем, неговите функции и должности.

Комуникаторите во Министерството за одбрана внимаваат и на начинот на кој ги користат социјалните медиуми со свои приватни канали. Однесувањето на овие комуникатори на приватните канали, директно се поврзува со нивната личност и кредибилитет, кој се пренесува и во работната средина. Несомненото поврзување на однесувањето на личните профили со позицијата како службеници за односи со јавноста во Министерството за одбрана има потенцијал да нанесе штета на кредибилитетот на институцијата и заради тоа несоодветните комуникации кои содржат дискриминаторска, навредувачка, заканувачка содржина или елементи на говор на омраза треба во целост да се избегнуваат. Кредибилитетот на институцијата, која во комуницирањето се основа првенствено на фактичка точност, не смее да биде доведен во прашање.